ПРАВИЛНИК

# ПРАВИЛНИК
## ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА РАБОТА НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЛИЦА И ИМОТ

(Службен весник на Република Македонија бр. 41/00)

# Правилник за образецот на лиценцата за работа на обезбедување на лица и имот

(Службен весник на Република Македонија бр. 41/00)

## Член 1

Со овој правилник се пропишува образецот на лиценцата за работа на обезбедување на лица и имот (во натамошниот текст: образецот на лиценцата).

## Член 2

Лиценца за вршење работи на обезбедување лица и имот издава Комората на Република Македонија за обезбедување на лица и имот врз основа на барање за издавање на лиценца (прилог број 1), на лице кое ги исполнува условите од членот 8 став 2 од Законот за обезбедување на лица и имот.

Барањето заедно со потребните документи за издавање на лиценца се доставува и чува во Комората на Република Македонија за обезбедување на лица и имот.

## Член 3

Образецот на лиценцата (прилог број 2) се печати на кунздрук хартија А-4 формат и има правоаголна форма.

Образецот на лиценцата содржи: назив „**КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЛИЦА И ИМОТ**", законски основ за издавање на лиценцата, назив „**ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ РАБОТИ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЛИЦА И ИМОТ**", место за „Име и презиме", место за „Ден, месец, година, место, општина и држава на раѓање",

место за „Вид и степен на образование и место за „ЕМБГ"на лицето на кое му се издава лиценцата. Во долникот лев дел од образецот на лиценцата има место за впишување на: број, место, ден, месец и година на издавањето на лиценцата, во средината место за печат „МП", а во долниот десен дел, натпис „**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМОРАТА**" и под него место за потпис на претседателот на Комората.

Во позадината на целата големина на образецот на лиценцата, во средината, стои симболот на Комората на Република Македонија за обезбедување на лица и имот.

## Член 4

Прилозите број 1 и 2 се составен дел на овој правилник.

## Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

До
КОМОРАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЛИЦА И ИМОТ

**БАРАЊЕ**

Од ______________________________ роден ________________ год. со место на живеење во _________________ на ул. ____________________ бр. ____ тел.бр.: __________________

Барам согласно член 8 став 2 од Законот за обезбедување на лица и имот, ми издадете ЛИЦЕНЦА за вршење на работа на обезбедување на лица и имот.

Во прилог на барањето Ви доставувам:

- Уверение за државјанство,
- Фотокопија од лична карта,
- Уверение од надлженииот суд дека не ми е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност за обезбедување на лица и имот,
- Диплома за завршено средно образование или друг повисок степен на образование,
- Изјава дека во последните две години пред добивање на лиценца за работа не извршува работи и задачи од областа на безбедноста и одбраната во органите на државната управа како: овластено службено лице или на посебни работни места согласно со прописите од областа на внатрешни работи, работни места на определени должности согласно со прописите од областа на разузнавањето или работни места од член 123 од Законот за одбрана.
- Уверение за положен стручен испит
- Уплатница од _____ ДМ во денарска противвредност за надомест на трошоци за издавање на лиценца.

*Напомена*: Напред наведените прилози се доставуваат како копија и заверени од нотар.

________________
Скопје

Подносител

__________________

КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЛИЦА И ИМОТ

Врз основа на член 8 став 2 од Законот за обезбедување на лица и имот („Службен весник на РМ" бр. 80/90), се издава:

**ЛИЦЕНЦА**
ЗА ВРШЕЊЕ РАБОТИ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЛИЦА И ИМОТ

________________________________
(име и презиме)

________________________________
(ден, месец, година, место, општина и држава на раѓање)

________________________________
(вид и степен на образование)

________________________________
(ЕМБГ)

Бр. ____________ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМОРАТА
______ гоина ____________________